совет за етика во
медиумите на македонија

01.09.2016г.

## ОДЛУКА

**На Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), по жалбата на Ивана Димитровска, за текстот со наслов "Не сум виновна, нели мамо", објавен на 27.07.2016 година, во 17 часот и 43 минути, на Интернет порталот на дневниот весник Утрински весник (www.utrinski.mk) и на 28.07.2016 година, во печатеното издание на Утрински весник**

## ЖАЛБАТА Е ОСНОВАНА

Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите 7, 8 и 9.

Член 7.

*"Новинарот ќе ја почитува приватноста на личноста, освен кога тоа е во спортивност со јавниот интерес. Новинарот е должен да ја почитува личната болка и жалост."*

Член 8.

*"Начинот на информирање во случаи на несреќи, елементарни непогоди, војни, семејни трагедии, болести, судски постапки мора да биде ослободен од сензационализам. Во судските постапки треба да се почитува принципот на пресумпција на невиност, да се известува за сите инволвирани страни во спорот и да не се сугерира пресуда".*

Член 9.

*"Новинарот не смее да интервјуира или фотографира деца под 16 години без согласност од родителите или старателите, освен ако тоа не е во согласност со правата на детето. Истото се однесува и за лица со посебни потреби, кои не се во состојба свесно да расудуваат."*

Ул. Метрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mkinfo@semm.mk 0038923222595

совет за етика во
медиумите на македонија

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

До Извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на ден 28.07.2016 година, Ивана Димитровска поднесе жалба за текстот со наслов "Не сум виновна, нели мамо", објавен на 27.07.2016 година, во 17 часот и 43 минути, на Интернет порталот на дневниот весник Утрински весник (www.utrinski.mk), а на 28.07.2016 година во печатеното издание на Утрински весник.

Во жалбата се наведува дека со текстот е нарушена приватноста и не се заштитени деца и малолетна публика.

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со член 12 од Деловникот на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со Утрински весник и побара уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите од жалбата. Наведениот дневен весник не достави одговор на наводите на жалителот.

Комисијата за жалби најде дека жалбата во однос на содржината е ОСНОВАНА.

***

При своето одлучување, Комисијата ја зеде предивид **Конвенцијата за правата на детето во целина, а особено членот 16 ст. 1,** во кој се вели дека ниедно дете не смее да биде изложено на самоволно или незаконско мешање во неговиот приватен или семеен живот, домот или личната преписка, како ни на незаконски напади на неговата чест и углед.

***

На седницата на 12.08.2016 година, Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителката Ивана Димитровска и направи увид во наведениот текст.

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mkinfo@semm.mk 0038923222595

Комисијата констатираше дека во текстот се цитира статус на Фејсбук на актерката Весна Петрушевска, чие малолетно дете преживеало педофилски напад. Авторот дава целосна експликација на настанот, со што малолетното дете дополнително го изложува на јавно бележење за немилиот настан. Понатаму, Комисијата констатира дека иако мајката на детето јавно изнесува детали за нападот, медиумот не требало да го пренесе ФБ статусот, бидејќи основна обврска на новинарот била да ја заштити приватноста на детето од понатамошна јавна дебата, имајќи ги предвид траумите кои го доживеало. Комисијата најде дека со ваквиот начин на презентирање на фактите, и покрај тоа што станува збор за дете на јавна личност, медиумот се меша во приватниот и семејниот живот на детето, онака како што го опишува чл. 16 од Конвенцијата за правата на детето.

***

Поради ова, Комисијата за жалби најде дека во спорниот текст со наслов "Не сум виновна, нели мамо", објавен на 27.07.2016 година, во 17 часот и 43 минути, на Интернет порталот на дневниот весник Утрински весник, а на 28.07.2016 година, во печатеното издание на Утрински весник, прекршен е член 7, според кој новинарот не смее заради атрактивноста на текстот/прилогот да поттикнува неосновани стравови или надежи кај соговорниците или да манипулира со нивните емоции. Кога известуваат за настани кои предизвикале лични трагедии, болка и шок – новинарите, фоторепортерите и снимателите треба да покажат сочувство, дискреција и обзир. Извештаите треба да водат сметка за семејството на жртвата, да не се зголеми нивната болка, но и да не придонесе кон нивно "жигосување".

Комисијата констатира дека е прекршен член 8 од Кодексот, според кој кога се известува за несреќи, криминал или акција на полицијата, медиумите, генерално, треба да се воздржат од објавување имиња, фотографии или други податоци кои би овозможиле идентификување на жртвите и извршителите. Децата и младите луѓе уживаат посебна заштита.

Комисијата најде дека е прекршен и член 9, според кој третирањето на децата во медиумите, освен во новинарскиот Кодекс, е регулирано и со Конвенцијата на ОН за правата на детето, како и со општоприфатените стандарди кои наложуваат дека е строго забрането манипулирање со детските емоции, инсистирање на повторно преживување на траумата и објавување на идентитетот на детето. Објавувањето или недоволната заштита на идентитетот на малолетниците (интервју со роднините, снимки од куќата или непосредното опкружување), информирањето на детали од злосторството, особено доколку станува збор за такви деликатни случаи како што е сексуално и семејно насилство, секогаш ја изложува жртвата на уште поголема траума и ја зголемува трагедијата. Одговорноста за таквото повторно трауматизирање е директно кај новинарот и медиумот кој го прави тоа. Информациите добиени од лекари, социјално работници, воспитувачи, наставници или роднини кои директно или индиректно упатуваат на идентитетот на малолетникот не смеат да бидат објавени.

Во согласност со наведеното Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Со оглед на сензитивноста на темата од споменатиот текст, Комисијата за жалби апелира и до останатите медиуми да го почитуваат горенаведеното.

Во работата на Комисијата за жалби учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Мери Јордановска, Филип Ѓурчиновски, Гоце Герасимовски и Теофил Блажевски.

**Се обврзуваат дневниот весник Утрисњки весник и Интернет порталот на Утрински весник (www.utrinski.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објават одлуката на Комисијата за жалби.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски